изложени нивните поважни работи, а како најважен е „Зборникот на народни песни". Македонските учебникари, Партение Зографски, Кузман Шапкарев, Ѓорѓи Пулевски и др., се застапени со пишуваните на македонски јазик, или елементи од народниот јазик, букварчиња, граматики, речници и др., со кои ја одбележуваат појавата на првите учебни помагала во ширењето и совладувањето на наставата не само во училиштата, туку и во народот, кои служеле за самообразование. Ликот на Јордан Хаџи Константинов-Џинот е даден во идеализиран цртеж, потоа дел од неговата „Таблица перваја" и неколку писма, од кои се гледаат неговите напори за снабдување на скопското училиште со учебници. Тука е изложена и фотографија од неговата надгробна плоча чии оригинал се наоѓа во Т. Велес. Поетот Рајко Жинзифов е претставен со поемите „Крвава кошула", во која го изнесува тешкиот живот на народот под турското ропство, и еден фрагмент од „Гусљар в собор", Григор Прличев, како поет и борец, е застапен со неговото дело „Сердарот" на грчки јазик и во превод. На крајот е портретот на Крсте П. Мисирков со неколку фотокопии, а како најважна е книгата „За македонцките работи" каде се третираат основните прашања од македонскиот општонационален развиток. Изложбата на крајот завршува пак со еден текст за значењето и резултатите од преродбата во културниот развиток на македонскиот народ.

Како прва од ваков вид, за изложбата неминовни се и пропусти кои во иднина секако ќе се отстрануваат.

Во соработка со Заводот за школство направен е план за гостување на изложбата во гимназиите и осмолетките. Така, досега изложбата престојуваше во гимназијата „Георги Димитров", во осмолетката „Кочо Рацин" во Ѓорче Петров а понатаму и во другите училишта, спрема изготвениот план.

Се надеваме дека оваа изложба ќе помогне во визуалното согледување и во полесното усвојување на материјата, од страна на учениците. Од друга страна, музејот и понатаму во својата програма предвидува изготвување на изложби од ваков карактер, што ќе претставува едно дополнување и освежување кон теоретската настава во училиштата.

*Ј. А.*

## СЕМИНАР ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ВО УЧИЛИШТАТА ОД II СТЕПЕН

Од 5 до 7 октомври 1967 година во Скопје се одржа семинар за наставниците по историја од училиштата од II степен. Семинарот го огранизира Заводот за унапредување на школството на СРМ, во соработка со Институтот за национална историја и Сојузот на историските друштва на СРМ. Целта на семинарот беше да се разгледаат некои проблеми во врска со наставата од педагошко-дидактички карактер, разменувања на искуства од секојдневната пракса и искуства и методи во врска со употребата на новите учебници по историја. Бидејќи семинарот се одржуваше во екот на подготовките за прославата на 50-годишнината од Големата Октомвриска револуција за тоа и дел од работата на семинарот му беше посветен на овој јубилеј.

Семинарот работеше по однапред утврдена програма, која благовремено им беше доставена на училиштата. Работата на семинарот беше поделена на три дела односно дена, според суштината и проблематиката која се третира. На првиот ден беа прочитани рефератите: „Планирање на наставниот материјал по историја", „Користење на уметничката литература во наставата по историја" — обата од Дамјан Лепчевски, просветен советник и „Методологијата за користење на учебниците по историја, со осврт на методологијата за користење на учебникот за I клас од Марија Врбетиќ", од д-р Војо Кушевски, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје. Во првиот реферат се изнесоа примери како не треба да се планира наставниот материјал и како треба да биде распореден материјалот по историја. По жива и плодна дискусија и по искажаните мислења за неколкуте вида планови, се заседе становиште дека е нужно и потребно планирање ако сакаме успешно да го реали-

зираме наставниот план и програма. Овој реферат е објавен во списанието „Просветно дело" бр. 5—6 од 1967, со цел да се запознаат и сите наставници по историја од внатрешноста.

Во вториот реферат референтот Дамјан Лепчевски, со примери изнесе, според суштината на методската единица, како и кој дел и дела од уметничката литература треба да се користат.

Пред да се мине на рефератот од д-р Војо Кушевски, учесниците на семинарот беа обавестени за тоа дека во декември минатата година беше организиран еден состанок со историчарите, на кој беше дадена оцена на учебниците по историја, кои се во употреба во училиштата од II степен во СРМ. Со примедбите на учесниците од семинарот се запознати авторите. Во своето излагање референтот даде осврт на учебникот по историја за I клас гимназија од Марија Врбетиќ, за кој постои мислење, меѓу поголем дел од наставниците по историја, дека не е погоден и прилагоден за изведување на наставата по историја во нашата република, префрлувајќи му дека текстуално не е содржаен, со други зборови нема факти. На прв поглед изгледа дека е така, меѓутоа учебникот „текстуалното сиромаштво и оскудност" ги надополнува со фотографии, илустрации и цртежи,кои успешно ги надополнуваат текстуалните празнини и кои треба обилно да ги користат и наставниците и учениците. Као пример го наведе делот од учебникот во кој што се зборува за развојот на првобитниот човек, во кој, за сметка на краткиот текст, се прикажани слики на неколку типа на првобитниот човек, кои и тоа како ги надополнуваат изостанатите текстови. Во откривањето на скриените текстови, за кои многу и повеќе говорат илустрациите, треба еднакво да се заложат и наставниците и учениците. Тоа е една од карактеристиките и целите на современиот т. н. „работен" учебник.

На вториот ден од работата на семинарот беа прочитани три реферати. Во рефератот „Организација и содржина на групата млади историчари", референтот Дамјан Лепчевски ги изнесе досегашните форми на работа на овие групи, оценувајќи ги неповолно во повеќе случаи, и истакна дека тие треба да бидат научни и творечки. За да се запознае поголемиот дел од наставниците по историја од територијата на СРМ, рефератот во нешто поскратена форма е објавен во „Просветен работник" и во весникот „Млад борец". Вториот реферат беше на тема „НОБ во Македонија во 1942 година (содржина и примена"), од д-р Миле Тодоровски, научен соработник во Институтот за национална историја. Референтот ја изнесе причината за ставање на овој реферат во работата на семинарот, истакнувајќи го фактот, дека при обработувањето на овој период во наставата од нашата историја се врши бегло и на брзина, како ништо значајно да не се случувало. Потоа изнесе многу факти од развојот на Народноослободителното движење во Македонија, кое се карактеризира со исфрлање на нови и наголемување на старите партизански одреди и борбата за натамошното опфаќање на населението на страната на Народноослободителната борба, со што е и добиена битката. Тоа го поткрепи со формирањето на партизанскиот одред во „Димитар Влахов" во Велешко, кој под притисок на окупаторот го напушта теренот Лисец, но затоа го придобива и преминува на теренот Азот, каде развива жива, борбена и политичка активност.

По програмата требаше да се прочита рефератот на тема „Некои специфичности од реализирањето на наставата по историја од НОБ" од д-р Војо Кушевски. Меѓутоа, наместо најавениот реферат, референтот изнесе пример на обработување на историските личности на часовите по историја. Тој како пример го избра ликот на Ленин, со што практички започна делот посветен на 50-годишнината од Големата Октомвриска револуција. Предавањето имаше за цел да внесе извесна новина и освежување на наставата, не само по содржина ами и по форма, преку формите кои ги применуваше референтот за што поуспешно реализирање на поставената замисла. Референтот се послужи со литература посветена на Ленин. Во недостатокот на епидијаскоп, на присутните им беше покажана фотографија на фамилијата Уљанови од 1879 година, на која беше и Ленин, а потоа читаше текстови од животот и работата на Ленин како дете, ученик и мислењата на професорите за него, како и во што го поминувал слободното време и сл.

На третиот ден од работата на семинарот, кој целосно беше посветен на прославата 50 години од Големата Октомвриска револуција. Беа поднесени следните реферати: „Октомврискта револуција и македонското прашање во периодот на создавањето на Југославија" од д-р Иван Катарџиев, виш научен соработник, „Влијанието на Октомвриската револуција во Македонија меѓу двете светски војни" од д-р Орде Ивановски, научен соработник во Институтот за национална историја, „Прославата на Октомвриската револуција во времето на НОБ во Македонија" од академикот Михајло Апостолски, „Македонското ослободително движење во емиграција и Октомвриската револуција" од д-р Манол Пандевски, научен соработник во Институтот за национална историја и „Револуционерното бранување меѓу војниците на фронтот во 1917—1918 година" од д-р Петар Стојанов, научен соработник во Институтот за национална историја.

Референтите изнесоа материјал собран и проучен од изворна граѓа и тоа во повеќе случаи од прва рака, со што многу допринесоа да се сфатат и разберат последиците и настаните кои настапија во нашата земја меѓу двете светски војни.

Семинарот беше добро организиран, а бројот и богатството на рефератите ја оправдаа целта за која беше организиран, а тоа е добра и сигурна гаранција дека резултатите нема да изостанат.

*Ј. М.*